**Пекабеско АД**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА КОНСОЛИДИРАНИ ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ**

**За период Јануари - Јуни 2020 година**

Пекабеско АД  за периодот Јануари-Јуни 2020 оствари позитивен консолидиран финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех во износ од 42,6 милиони денари и истиот е понизок за 26% во споредба со претходната година.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2020 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите на консолидираните финансиските извештаи на Пекабеско АД.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни консолидирани приходи од работењето во периодот Јануари-Јуни 2020 година изнесуваат 2.153,6 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат намалување од 6%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 98,8%, имаат приходите остварени со продажба на готови производи, стоки и услуги кои во споредба со остварените во 2019 година бележат намалување од 6%. Приходите од извоз изнесуваат 294 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 се повисоки за 8%

**Вкупни расходи**

Остварените вкупни консолидирани расходи во периодот Јануари-Јуни 2020 година изнесуваат 2.095,9 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат намалување за 7%.

**Инвестиции и отпис на материјални средства**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари-Јуни 2020 година изнесуваат 44,0 милиони денари и кумулативно за 7,5 години од кога е активиран новиот производствен-дистрибутивен погон инвестициите во основни средства

достигнаа 581 милиони денари

Во 2020 година не се направени значителни отписи или продажба на материјалните средства

**Обврски по кредити**

Долгорочната задолженост на 30.06.2020 година изнесува 379,3 милиони денари и во споредба со состојбата од минатата година бележи намалување од 8%.

Краткорочната задолженост на 30.06.2020 година изнесува 261,2 милиони денари и во споредба со состојбата од минатата година бележи раст од 68%.

**Нови вработувања**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Јуни 2020 реализираше 38 нови вработувања а 36 вработени го напуштија друштвото. Бројот на вработени изнесува 481.

**Политика на Дивиденди**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Јуни 2020 нема исплатено дивиденда.

**План и очекување за нареден период**

Исполнувањето на финанскиот план за 2020 е извршен со 41,3% во делот на приходите од продажба и 30,5% во делот на добивката

За наредниот период компанијата очекува приходите од продажба и добивката да бидат послаби во однос на првичните планираните резултати согласно ситуацијата со Ковид 19 во земјата и регионите каде ги извезуваме нашите производи